Стјепан АНТОЛЈАК

# ВОЕНО-АДМИНИСТРАТИВНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАКЕДОНСКИТЕ СКЛАВИНИИ*

## 1.

Склавинииите (Σκλαυηνίας) првпат се спомнуваат од страна на византискиот писател Теофилакт Симоката (втора половина на VI и почетокот на VII век[1]). Во тоа време, под овој поим се подразбирала словенската област, т.е. склавинијата зад Дунав, односно денешна Романија[2]).

Во „Чудата на Св. Димитрија", I (втора деценија од VII век) веќе е позната множинската форма за ова име Σκλαβινῶν Со овој поим биле опфатени и другите склавинии што кон крајот на VI век ја признале силата на Аварите и нивните моќни кагани.[3]) Се претпоставува дека византиските писатели од втората половина на VI и почетокот на VII век ова име го употребувале како општо именување на секоја област што била на-

* Редакцијата на списанието „Историја", во сегашниов состав, ја користи приликата да го удоволи барањето на проф. С. Антолјак да се направи исправка во неговата статија под наслов: „Сепак Асамати не може да потекнува од името Арангел" (Историја, X/1 (1974, 215—237). Оваа исправка проф. Антолјак, согласно законот за печат, писмено ја побара уште во 1974 година од страна на тогашната редакција на „Историја", но настанатата грешка, за жал, не по негова вина не беше исправена. Сегашнава редакција, иако со големо задоцнување, на ова место ја исправува настанатата грешка што ја направил преведувачот, а истовремено му се извинува на авторот, кој, инаку, е еден од основачите на списанието „Историја".

Во оригиналниот текст испратен до Редакцијата на „Историја" што гласи:"... И док су данас преспански Асамати село, у предјелима изван СРМ, т.ј. СФРЈ се оно нигде не сусрече у плуралном облику (С. А.) веч само у сингулару (Асамата, Насамата)...", преведувачот од српскохрватски на македонски јазик направил грешка кога наведениот текст го превел: „... Денеска преспанското село Асамати се наоѓа надвор од СРМ, т.е. СФРЈ (С.А.), и никаде не се среќава во плурален облик ами единствено само во сингулар (Асамата, Насамата)..."

[1]) Византиски извори за историју народа Југославије I, Посебна издања Византолошког института САН CCXЛI/3, Београд 1955, 125.

[2]) К. Јиречек, Историја Срба I, Београд 1952, 40.

[3]) Византиски извори.., I, 177.

селена од Словени[4]). На Балканскиот Полуостров склавиниите се простирале долж јадранскиот брег, а Константин Порфирогенит ги наведува редум: Дукља, Травунија, Паганија, Хрватска и Србија.[5]) Vita Vilibaldi во VII век особено разложно зборува за склавиниите на Пелопонез.[6])

Под поимот „склавинии" за кои се зборува во „Чудата на Св. Димитрија", I по сè изгледа дека се крие податокот за балканските склавинии, а можеби и оној за македонските. Тоа го потврдува еден анонимен византиски писател од IX век.[7]) Сепак, првиот што директно ги наведува македонските склавинии е византискиот писател Теофан Исповедник (760—818). Тој е речиси единствениот писател што ги именува склавиниите во Македонија (τας κατὰ [τὴν Μακεδονίαν Σκλαυνίας.[8]) Исто така и Анастасиј Библиотекар (800—880) кој во периодот од 811 до 875 година[9]) од латински ја превел „Хронографија трипертита"[10]) веќе спомнатите склавинии ги наречува „Sclavenias", и вели дека се наоѓаат во Македонија (Sclavenias penes Macedoniam.[11])

Теофан укажува на оние склавинии што се во врска со Бугарите или Бугарија, а во исто време за тоа зборува и еден анонимен византиски писател од IX век[12]). Во писмото на византискиот цар Михаил II (820—829) упатено до Лудовиг Побожни (814—840) изрично се зборува за склавиниите што се наоѓале околу Тракија, Македонија и Солун.[13])

Сето тоа укажува на фактот дека на Балканскиот Полуостров постоеле редица склавинии, меѓу кои во одреден период се истакнувале македонските. Тие постоеле уште во осумдесеттите години на VI век, како организирани родовско -племенски задруги, а што индиректно се потврдува и од податоците на „Чудата на Св. Димитрија", I,[14]) кои говорат за аварско-словенската опсада на Солун во 586 година.

Нема сомневање дека некои од македонските склавинии еден одреден период биле во зависност од Аварите. Заедно со овој азиски народ секогаш спремен да војува, словенските пле-

---

4) Византиски извори... I, 177, заб. 7.

5) S. Antoljak, Unsere „Sklavinien", Actes du XIIe Congrés international des Etudes Byzantines II, Beograd, 1964, 11—13, 10.

6) Manatasia in Sclaviniae terra... „(MGN, SS 15 93).

7) Византиски извори... I, 252.

8) Византиски извори... I, 222, 236, 230; Историја на македонскиот народ I, Скопје 1969, 89.

9) Всушност тоа претставува компликација на Георги Синкел, Никифор и Теофан и токму поради тоа е мошне значајна, бидејќи е постара од сите сочувани ракописи од Теофановата хроника (Византиски извори... I, 218).

10) Gy Maravesik, Byzantinoturcica I, Budapest 1942, 334.

11) Латински извори за българската история II, БАН, София 1960, 246, 251, 257.

12) Византиски извори... I, 226, 252, 255.

13) „... Thraciae, Macedoniae, Thessalonicae et ciecumiacinfibus Sclaviniis..." (Латински извори... II, 26).

14) Византиски извори, I, 176—184.

мињa се обидувале да ги постигнат своите цели на Балканот заземајќи го и богатиот град Солун, што имал мошне големо значење. При тоа, пет македонски племиња заедно со нивните семејства имале намера да го населат.[15])

## 2.

Во овие склавинии покрај Словените, живееле и други народи кои биле населени подолго време. Такви биле Грците (Византијците), Ароманите (Власите) итн.[16])

Овие староседелци, во почетокот не се машале со Словените чиишто архонти или егзарси во одделни склавинии биле на чело или пак чиишто „reges"[17]) управувале со некои словенски племиња.

Егзархонт претставува специфична титула на еден анонимен словенски водач кој бил на чело на некоја од склавинииите (Σκλαβινιας).[17a]

Всушност, тоа биле титули коишто византиските писатели во своите текстови им ги давале на водачите на Словените или на старешините на одделни племиња, како и на оние кои стоеле на чело на некоја од склавниите во Македонија. Каков бил нивниот назив на словенски јазик не е познато. Можеби „старјешина", „књаз", па дури и „крал".[18])

Во секој случај „архонт" има значење на словенски старешина во одделни склавинии[19].) Византискиот писател Иван Каменијат (крајот на IX и почетокот на X век) словенските водачи од околината на Солун ги наречува ἡγούμενοι и ἄρχοντας[20]) а италијанскиот писател Лиутпранд (средината на X век) пишува за „duo... principes" на Словените во околината на истиот град.[21])

Според пишувањето на Константин VII Порфирогент чијашто тема се јадранските склавинии и нивните водачи т.н. Σκλαβάρχοντας[22]) може да се заклучи дека старешините на Сло-

---

15) Византиски извори... I, 186—187.

16) Historija naroda Jugoslavije Zagreb, 1953, 93—99.

17) Византиски извори.,.. I, 235, 207, 236, 242, заб. 67, 193, 201, 204, 207, 210.

17a) Византиски извори, I, 193, бел. 15.

18) Fr. Dvornik, La vie de Soint, Grégore le Décopolite et les Slaves Macedoniens au IX siécle, Paris 1926, 61, 62; Византиски извори..,. I, 255.

19) Титулата архонт во Византија им се доделувала на независните, вазалите и на господарите на одделни земји (Enciklopedija Jugoslavije Zagreb. 1955. 203); на Запад оваа титула, во почетокот на IX век на латински гласела „dux" а подоцна „rex" (F. Šišić, Povijest Hrvata u vrijeme narodnih vladara, Zagreb 1925, 663—,64).

20) Византиски извори... I, 271.

21) Liutprandi (remonensis episcopi Historia gestorum regum et imperatorum sive Anaoodosis, J.P. Migne, P.L. 136, Paris 1853, 843; Латински извори.,.. II, 318, 320.

22) Византиски извори... II, Посебна издања Византолошког института САН CCCXXIII/7, Београд 1959, 14—16, 19.

вените во македонските склавинии имале таков назив на грчки јазик. Овој писател јасно го наведува архонтот на склавинијата или на едно словенско племе на Пелопонез.[23])

Што се однесува до Македонија, византиските писатели општо ги спомнуваат словенските архонти, а само еднаш (Теофан) ја спомнува титулата „словенски архонт од Велзитија"[24]) т.е. на една македонска склавинија. Тоа укажува на фактот дека овие архонти биле еден вид старешини по наследство[25]), на одделни племиња во нивните територијални единици и дека овие племиња нив ги избирале од родот, за што зборува и Порфирогент кога пишува за архонтите од јадранските склавинии.[26]) Тоа значи дека архонтите на македонските склавинии биле воглавно независни како од Византија, така и од Бугарија, што го докажува и нивниот однос спрема овие држави во текот на повеќе стотици години.

Владетелот на едно македонско племе се викал ʼρήξ, Има повеќе ʼρῆγες кои владееле со одделни племиња. Овие старешини меѓусебно биле сложни, особено за време на војните. Тие биле поврзани со оние што се наоѓале на чело на бројните племиња во Македонија и се јавувале на повик за помош.[27])

Во византиските извори се среќаваат податоци дека во VIII и IX век архонтите се наречувале регеси и на тој начин биле споредувани со државните органи во Византија. Всушност, ваквото нивно именување значело дека племињата живееле во согласност со нивните обичаи, самостојно и независно, дека имале сопствена организација на правосудство и управа, особено при изборот на нивните архонти. Ваквото општествено уредување — воена демократија — битно не се изменило ниту кон крајот на VIII ниту во првата половина на IX век, кога овие племиња делумно биле вклучени во државната организација на Византија, а делумно потпаднале под власта на бугарските владетели.[28])

Византиските писатели од почетокот на VII век со титулата регес ги именувале словенско-антските владетели преку реката Дунав, кои наспроти словенските владетели во Македонија и нивните склавинии, меѓусебно биле разединети. Тоа го потврдуваат и писателите од чии дела може да се види дека во Македонија и тамошните склавинии, не може да се забележат резултатите на византиската тактика на разединување и

---

[23]) Византиски извори... II, 71.

[24]) Византиски извори... II, 235.

[25]) К. Јиречек, о. с. I, 42.

[26]) Византиски извори... II, 16.

[27]) Византиски извори... I 201, 204, 210

[28]) I. Beuc, Još o problemu formiranja feudalnih država u Južnih Slovena. — Radovi Instituta za hrvatsku povijest Sveučilišta u Zagrebu, Zagreb, 1976, 162.

потстрекнување на т.н. Стратегикон на Псевдомаврикие[29]). Но тоа не значи дека овие македонски регеси и понатаму биле расположени за војна. Во околината на Солун имало и такви словенски владетели кои од време на време одржувале[30]) миролјубиви односи со овој град, каде се зборувало словенски[31]), а во исто време биле во извесна зависност од византиската централна власт (на пр. Првуд, Пребонт)[32]). Интересно е дека само во „Чудата на Св. Димитрија", II се спомнуваат словенските егзарси (Σκλαβίνων ἔξαρχος)[33] во Македонија. Оваа титула има воен карактер[34]) значи воен заповедник. За нив говори и Теофилакт Симоката[35]), кој така ги наречува словенските кнезови на областите од онаа страна на реката Дунав[36]). Таков бил Пирогост[37]) кој исто како и македонскиот егзарх Хацон бил непријателски расположен кон Византија. Тешко е да се каже нешто поодредено за „егзархонтот"[38]) на една од склавиниите во околината на Солун[39]), кој се спомнува во Житието на Григорија Декаполит.

Врз основа на изворните податоци може да се претпостави дека склавиниите на Балканот, а тоа значи и оние во Македонија, кон крајот на VI век претставувале значајна воена сила, што постојано под водство на аварските кагани му се заканувала на Солун, а крајна цел бил Цариград.

Овие, како и македонските склавинии, како воено уредени единици создавале првокласни, образовани, искусни и модерно опремени воини[40]).

Во битките со Византијците, особено при судирите кај Солун, Словените од македонските склавинии се истакнувале со необична храброст и се покажале како вистински мајстори во пронаоѓањето на разни воени оружја што ги применувале на копно и на море. Инаку, тие се одликувале како храбри морнари и морски пирати, но исто така и како вешти тесари и ковачи.[41]) Освен тоа, тие со успех се занимавале со поледелство (житни растенија), сточарство (особено одгледување на коњи), риболов, градинарство, и производство на вино. Тие живееле во

[29]) Византиски извори... I, 114, 138.
[30]) F. Šišić, o.c., 366; Historija naroda Jugoslavije, I, 279.
[31]) Византиски извори..,. I, 138, 198.
[32]) Византиски извори..,. I, 198, 199.
[33]) Византиски извори... I, 193 и заб. 15.
[34]) Види: Г. Острогорски, Историја Византије, Београд 1959, 98.
[35]) Fr. Kos, Gradivo za zgodovimo Slovencev v srednjem veku I, Ljubljana 1902, 155, 156.
[36]) Византиски извори... I, 118, 119.
[37]) Византиски извори, I, 119 и бел 62.
[38]) Ако еден „rex" за време на војна против заедничкиот непријател им се придружи на другите „reges", од страна на византиските современици бил нарекуван „егзархонт".
[39]) Византиски извори... I, 255.
[40]) Византиски извори... I, 177—184.
[41]) Византиски извори..,. I, 181—183, 191, 192, 207—211, 216.

колиби што ги граделе[42]) во околината на Солун и други соседни градови. Некои безбожни словенски водачи во овие склавинии имале свои гатачи,[43]) кои им ја прорекнувале иднината и ги советувале како треба да постапат за да имаат успех во она што го преземаат.

Некои од овие старешини, како Првуд (Пребонд) носеле грчка облека и се служеле со грчкиот јазик.[44])

Во византиските извори од крајот на IX и X век не се спомнуваат македонските склавинии, ниту општо, ниту посебно. Но тоа не значи дека тие не го продолжиле своето постоење. Иван Каменијат директно наведува две словенски племиња — Драгувити и Сагудати кои живееле во своите села, во околината на Солун и вели дека тие биле под управа на градот Солун; додека другите племиња кои живееле недалеку од нив, на Скитите, т.е. на Бугарите им плаќале данок[45]). Овие, вторите, тој ги наречува Словени, а нивните водачи ἄρχοντς и ἡγούμενοι. Каменијат зборува исто така и за Словените кои под раководство на архонтите живееле во темата Стримон и ги наречува Струмјани. Овие, како и Словените од околината на Солун биле поврзани со Византија.[46]) Ова укажува на фактот дека според името, некои од склавиниите сè уште постоеле. За тоа сведочи „Vita Methodii", дело што настанало во првите десетлетија на X век, каде што се зборува за „кнежение ... словенско", т.е. за словенско кнежевство, што византискиот цар му го предал на управување на Методиј. Оваа склавинија највројатно се наоѓала во околината на Солун[47]). Тоа значи дека Методиј управувал во неа како архонт кон крајот на првата или почетокот на втората половина на IX век.

На крајот, италијанскиот писател Лиутпранд пишува како Хуго, кралот на Италија (926—947), на патот кон Цариград, во близината на Солун бил нападнат од некои Словени. Во овој судир му тргнало од рака да убие многумина од нив, а два словенски архонти (duo eorum principes) заробил и ги испратил кај византискиот цар Роман I Лакапин[48]). Овој мошне интересен изворен податок е уште еден доказ дека во околината на Солун постоеле некои полузависни кнежевства, остатоци од старите склавинии на чие чело стоеле кнезови, кои на грчки се викале архонти, а на латински principes.

Не може со точност да се тврди кога словенските кнежевства, односно македонски склавинии престанале да постојат.

---

42) Византиски извори ... I, 210, 211, 213.

43) Византиски извори ... I, 193, 201.

44) Византиски извори ... I, 201.

45) Византиски извори ... I, 266—272.

46) Византиски, извори, I, 272.

47) F. Šišić, Povijest Hrvata u vrijeme narodnih vlidara, 366, бел. 6.

48) Латински извори ... II, 318, 320.

Но затоа со поголема сигурност може да се тврди дека кон крајот на IX век веќе не постоеле оние стари, независни или полузависни склавинии во Македонија, распарчени помеѓу Византија и Бугарија.

Имено, во оној дел на Македонија што бил под власта на Бугарија, на местото на словенските архонти биле поставени комеси-Бугари.[49]) Византијците пак, во нивниот дел од земјата допуштиле некои од архонтите да управуваат со Словените.[50])

Stjepan Antoljak

## MILITARY AND ADMINISTRATIVE ORGANIZATION OF THE MACEDONIAN SCLAVINS

### Summary

On the base of the disposal sources from Greek, Latin and Slavic origin in this article has been made an attempt to show the military and administrative organization of the Macedonian Sclavins during the period between VI and X century. The author has pointed out the essence of some titles which the leaders of the Slavic tribes possesed and the governors of the Sclavins, then, what kind of military technics they had at their disposal, their relations to the neighbouring countries, especially with Byzantium and Bulgaria etc.

---

[49]) Б. Панов, Општествено-политичките прилики во Струмичката област од крајот на VI до почетокот на X век, „Гласник" на Институтот за национална историја V/2, Скопје 1961, 237, 238; С. Антолјак, Самуиловата држава, Скопје, 1969, 10, 11.

[50]) Византиски извори, I, 270 и сл.